# INTELLIGENCE AND ITS ROLE IN THE PREVENTION OF TERRORISM

**Ilija Jovanov**
Republic of Macedonia, ilija_jovanov@yahoo.com

**Abstract:** Terrorism as a collective and political crime is not a new and unknown social phenomenon. By making an analysis of terrorism through a historical perspective, we can conclude that terrorism from its manifest forms to present day evolves from day-to-day and is becoming a growing threat to any modern democratic society. The forms of terrorism are diverse and their political goals are different, as well as the means and methods available to terrorist groups and organizations all over the world. From today's point of view, we can conclude that terrorism is one of the most complex, most challenging and most negative political and security phenomenon of modern society. The complexity of the crime of terrorism is in direct relation with the gathering of information about the planning of the execution of this crime and it's proving which makes it difficult to discover the plans and preparations for execution and proving the crime after the execution. Terrorism is the biggest problem of today's modern society, it has become a reality that we need to face, and it is a concept, a thought and a term that surrounds us in everyday life. Global social changes which are current greatly affect the character of terrorism. They lead to a change in trends, tendencies and the movement of terrorism that directly affects current and possible terrorism. Lately, we have come across new, sophisticated forms of terrorism and some specific features have come to the fore. Security threats are constantly changing, but those who always need to discover first the intentions and the attempts of those who want to endanger the state, its security and the security of the citizens are the intelligence services. Modern terrorism is very different from all other areas of threats that intelligence need to deal with and is characterized by the transformation from secular to religious terrorism and the application of new tactics, new strategies and goals of terrorist organizations that operate all over the world. Preventive measures in the fight against modern terrorism are a very important activity of democratic societies that are determined permanently to oppose of modern terrorism. Intelligence and security services are solely responsible and empowered to use secret methods and tools to detect carriers of secret preparations and activities that threaten to violate the security system of a state. In this regard, intelligence and security services by using methods and tools should prompt discover the indicators that point to the possibility of occurrence of terrorist organizations in a particular state.
**Keywords:** terrorism, intelligence, security.

# РАЗУЗНАВАЊЕТО И НЕГОВАТА УЛОГА ВО ЗАШТИТА ОД ТЕРОРИЗАМ

**Илија Јованов**
ilija_jovanov@yahoo.com

**Резиме:** Тероризмот како колективен и политички криминал не е нов и непознат општествен феномен. Анализирајќи го тероризмот низ историска перспектива можеме да констатираме дека тероризмот од своите појавни облици па сè до денес, од ден на ден еволуира и станува сè поголема закана за секое современо демократско општество. Облиците на тероризмот се разновидни а нивните политички цели се различни, впрочем како и средствата и методите со кои располагаат терористичките групи и организации насекаде во светот. Од денешен аспект, можеме да констатираме дека тероризмот е еден од најсложените, најпредизвикувачките и најнегативни политичко-безбедносни феномени на современото општество. Сложеноста на кривичното дело тероризам е во директна врска со прибирањето на сознанија за планирањето на извршување на ова дело и неговото докажување, односно битието на казненото дело терорирам го отежнува откривањето на плановите и подготовките за извршување, но и за докажување на делото после извршувањето. Тероризмот претставува најголем проблем на денешното современо општество, стана реалност со која треба да се соочиме, тоа е поим, мисла и термин кој нè опкружува во секојдневниот живот. Глобалните општествени промени кои се актуелни, во голема мерка влијаат на карактерот на тероризмот. Тие доведуваат до промена во трендовите, тенденциите и движењето на тероризмот што директно влијае на актуелниот и можен тероризам. Во последно време се среќаваме со нови, софистицирани појавни облици на тероризмот, а до израз доаѓаат одредени негови специфични карактеристики. Заканите по безбедноста постојано се менуваат, но оние кои секогаш треба први да ги откријат намерите и обидите на оние кои сакаат да ја загрозат државата, нејзината безбедност и сигурноста на граѓаните се службите за разузнавање. Современиот тероризам е многу различен од сите други области на закани со кои треба да се справува

разузнавањето и се карактеризира со трансформација од секуларен во религиозен тероризам и со примена на нови тактики, стратегии и цели на терористичките организации кои делуваат насекаде во светот. Превентивните мерки во борбата против современиот тероризам претставуваат многу значајна дејност на демократските општества кои се определени кон трајно спротивставување на современиот тероризам. Разузнавачките и безбедносните служби се единствено надлежни и овластени да применуваат тајни методи и средства, поради откривање на носителите на тајните подготовки и дејности кои се закануваат да го нарушат системот на безбедност на една држава. Во таа насока, разузнавачките и безбедносните служби со примена на методи и средства треба правовремено да ги откријат индикаторите кои упатуваат на можност за појавување на терористички организации во одредена држава.
**Клучни зборови:** тероризам, разузнавање, безбедност.

## 1. ПОИМ ЗА ТЕРОРИЗАМ И РАЗУЗНАВАЊЕ

Тероризмот во современиот свет е политичка пракса и во своето општо и политичко значење претставува примена на непосредно и организирано насилство на поединци и групи, односно држави, кои се подготвени и по физички пат, вклучувајќи ги тука и атентатите и убиствата, како и малтретирањата, да ја наметнат својата волја во државата и да применуваат психички терор кај масите предизвикувајќи колективни комплекси на страв, апатија и несигурност.[150]

На основно ниво разузнавањето може да биде дефинирано како процесирана информација или, пак, како знаење и анализа осмислени за да помогнат акција.[151]

Разузнавањето може да го гледаме како информации кои се анализирани и претворени во производ за поддршка на одреден клиент, односно корисник. Разузнавањето претставува и процес и производ, а воедно има важна улога во дипломатските и политичките односи помеѓу државите во светот. Во денешната ера на информации, разузнавањето има превземено многу големо значење. Само одреден дел од разузнавачите вработени во службите за безбедност и разузнавање вршат тајно собирање на разузнавачки информации. Огромно мнозинство од припадниците на разузнавачката заедница ги вршат своите секојдневни задачи на компјутерски терминали и додека сам разузнавачот не може да запре евентуален терористички напад, тоа претставува круцијален прв чекор во идентификувањето и евентуално спречување на таков напад.

Според Random House Dictionary, под поимот разузнавање се подразбира „собирање на тајни информации; информации за противникот или за потенцијален противник“.[152] Слично на тоа, поимот „разузнавање“ се дефинира и како „информација која е собрана, споредена и анализирана и од која е извлечен заклучок кој претставува одговор на претходните барања на крајните корисници“.[153]

Оттука, информацијата претставува најскапа работа и оној кој ја поседува има огромна предност и корист. Таа како сознание од конкретен информативен објект (лице, појава, случај, настан и факт), претставува резултат од одразот на објективната стварност. Резултатот може да биде директен или индиректен, а движењето или текот на информацијата започнува од објектот (изворот) до друг објект (консумент на информацијата). Располагањето со релевантна информација, освен објективно осознавање и расудување, на некој начин значи и господарење со ситуацијата.[154]

Уметноста и науката на собирање на критични оперативни разузнавачки информации е дефинирана на многу начини. Во текот на историјата, многу војни се воделе во зависност од различните форми на разузнавачки информации. Во поновата историја, особено во борбата против тероризмот, анализата на разузнавачките информации одигрува клучна улога и во офанзивните и во дефанзивните операции. Со многубројни различни и достапни техники за утврдување на фактите кои се користат во одбрана на конкретна држава, станува тешка задача да се соберат, дешифрираат, спакуваат, приоритизираат, дистрибуираат разузнавачките податоци и да се дејствува согласно нив.

## 2. ДВА ОСНОВНИ ВИДА НА РАЗУЗНАВАЊЕ

Задачи на современото разузнавање се: прибирање на информации, пребарување низ добиените необработени податоци, составување на информации и податоци, извлекување на правилни заклучоци и

---

[150] Димовски З., *Тероризам,* Скопје: Графотранс, 2007, стр. 11.
[151] Newman, R. G. & Clarke, V. R., *Policijska dejavnost proti terorizmu*, Ljubljana: Fakulteta za varnostne vede, 2010, str. 48.
[152] Наведено според: Adams J., *Exploring the Frontiers of Espionage*, London: Pamlico, 1995, p. XXVII.
[153] Polmer N. & Allen B.T., *Encyclopedia of Espionage*, New York: Gramercy Books, 1997, p. XVIII.
[154] Цветковски Г., *Професија приватен детектив (детективско право и менаџмент)*, Скопје: Панили, 2011, стр. 93.

пренесување на истите до раководството.[155] Исполнувајќи ги наведените задачи разузнавањето ја исполнува својата основна функција, а тоа е добивање на квалитетни, навремени и веродостојни информации. Само на овој начин, разузнавањето ќе може да обезбеди соодветен одговор во борбата против современиот тероризам.

Во теоријата, но и во практиката се диференцираат два основни вида на разузнавање: стратешко и тактичко разузнавање.

**2.1. Стратешко разузнавање**

Стратешкото разузнавање се користи за долгорочно планирање, проценка и анализа на оперативните капацитети на потенцијалниот противник и за политички проценки. Со макотрпна анализа и употреба на компјутери и компјутерски програми за да се произведат јасни евалуации и концизни разузнавачки проценки, службите надлежни за спроведување на законот имаат основна алатка за ефикасно користење со цел да се идентификуваат потенцијалните цели на терористички операции во нивната заедница. Дека е оваа функционална способност за да „предвиди", кога и каде може да се случат во иднина оперативни терористичи акти и кои тактички цели може да се покажат поповолни за терористичката организација, без разлика дали тоа е од психолошка, економска или политичка природа, преку употреба на собрани и обработени податоци од најразлични извори што ја става одбраната на татковината во подобра офанзивна и дефанзивна положба за успешно да ги предвиди и да ги спречи евентуалните идни загрозувања на безбедноста, мирот и стабилноста во една држава.

**2.2. Тактичко разузнавање**

Тактичкото разузнавање се користи од страна на оперативните единици и ги вклучува, меѓу другото, и човечкото разузнавање, разузнавањето од отворени извори, разузнавањето од слики и директното набљудување. Тактичкото разузнавањето е од клучно значење во противбунтовничките и асиметричните војни. Иницијатива и изненадување може да се постигне само ако мисијата на тактичкото разузнавање е ефективна. Сите можни проверени извори мора да се искористат за да нивниот оптимален потенцијал, вклучувајќи ги оние кои често се игнорирани, бидат искористени. Затоа, треба да се воспостави една централна база во која ќе се собираат и обработуваат сите акумулирани информации кои потоа треба да се дистрибуираат до соодветните службеници од безбедносно-разузнавачките служби, па потоа да се преземат конкретни оперативни дејствија. Ова е единствениот начин разузнавачката мисија да има шанса да функционира на ниво кое е потребно за да се идентификува и евентуално да се запре конкретен терористички напад.

## 3. РАЗУЗНАВАЧКО–БЕЗБЕДНОСНИТЕ СЛУЖБИ ВО БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ

Секое разузнавачка служба како крајна цел го има собирање на што поголем број важни и одбрани податоци од обласга на општествено-политичкиот, економскиот, културниот, научниот и воено-техничкиот живот и развој на земјите за коишто е заинтересирана.

Разузнавачките и безбедносните служби се единствено надлежни и овластени да применуваат тајни методи и средства, поради откривање на носителите на тајните подготовки и дејности кои се закануваат да го нарушат системот на безбедност на една држава.

Целата вештина на борбата против тероризмот се состои од квалитетот на разузнавачките служби и од обработените податоци со кои тие служби располагаат. На пример, оперативците кои се задолжени да ги следат и откриваат политичките екстермисти, мора да ги разбираат нивните мотиви и начин на размислување, со цел успешно да ги предвидуваат нивните идни противуставни активности кои би ги превзеле. Во тој правец, безбедносно-разузнавачките служби со примена на соодветни оперативни методи и средства треба правовремено да ги откријат индикаторите кои упатуваат на можност за појавување на терористички организации во одредена држава. Со поседување на правовремени разузнавачки информации треба да се спречи евентуалното уфрлување на терористички групи кои имаат транснационален карактер. Потребна е соработка на домашните безбедносно-разузнавачки служби со странските пријателски разузнавачки служби со цел побрза размена на разузнавачки информации, како и своите анализи правовремено да ги достават до државните раководители.

Безбедносно-разузнавачките активности во борбата против современиот тероризам се манифестираат низ својата јавна и тајна компонента. Терористите настојуваат да докажат дека одредена влада е неспособна да ги заштити граѓаните и нивниот имот. Квалитетното прибирање на разузнавачки информации и нивната анализа и претворање во разузнавачки податоци претставуваат најважен момент за

---

[155] Polmer, N. & Allen. B.T., *Encyclopedia of Espionage,* New York: Gramercy Books, 1997, p. 211.

решавање на проблемите кои ги носи тероризмот. Во овој правец работењето на безбедносно-разузнавачките служби е тајно, непрекинато, при што се применуваат специфични методи и средства.

За нормално и ефикасно функционирање на безбедносно-разузнавачките служби, кои меѓудругото се задолжени и за борба против тероризмот, во голема мерка придонесуваат општествените науки кои го проучуваат тероризмот со што ги расветлуваат различните аспекти на терористичките активности, нивното однесување и особености, што е посебен предмет на интересирање на разузнавачките служби.

Основни етапи во работниот циклус на секоја разузнавачка служба, без разлика што истите може да се разликуваат по својот карактер, се следниве:

- планирање и прибирање на разузнавачки податоци за терористичката група;
- прибирање на разузнавачки податоци за поединци од групата;
- обработка на разузнавачките информации и нивна проценка и
- презентирање на разузнавачките податоци кои се однесуваат на терористичката организација.

**ЗАКЛУЧОК**

Можеме да констатираме дека разузнавачкото работење е динамичен процес при што сите елементи во тој разузнавачки процес мора да бидат причинско-последично поврзани. Прв чекор во процесот на прибирање на информации е поседувањето на необработен разузнавачки материјал кој се однесува на конкретна терористичката група или организација. Дејствувањето на безбедносно-разузнавачките служби во тој процес е многу значајно и не признава граници како во поглед на материјата, така и во поглед на изворот. Разузнавачките информации не се прибираат бесцелно, туку по однапред направен план, поради што оваа работа претставува витална функција на различни безбедносни и разузнавачки служби на поедини земји. Современите разузнавачки служби за прибирање на разузнавачки информации ангажираат соработници како основна метода. Особено внимание се посветува на ангажирањето на високо едуцирани и обучени кадри кои перманентно работат на прибирање на информациите кои се потребни на разузнавачката служба за чии интереси истите работат. Соработниците на разузнавачките служби преку доставените информации овозможуваат аналитичките служби да го создаваат мозаикот за одредена терористичка организација. Дел од разузнавачките информации кои се однесуваат на тероризмот, разузнавачките служби ги прибираат со користење на легални средства, но сепак постојат и тајни оперативни методи кои се применуваат од страна на разузнавачките служби во насока на борба против тероризмот. На пример, агентурниот метод е обвиен со тајност, односно конспиративност. Во разузнавачкиот процес агентурното работење зазема најважно место. Агентурното работење е дел од владиното разузнавачко дејствување. Тоа може да се одвива надвор од границите на државата или пак на територија на самата држава. Работењето на агентите се одвива во најстрога тајност. Со ваквото работење се доаѓа до најважни тајни податоци кои се однесуваат на терористичката организација а кои се важни и во изготвување на стратегија за борба со тероризмот.

Можеме да истакнеме дека органите на државата кои се задолжени за спроведување на законот мора да развијат транспарентна комуникација и разузнавачки врски помеѓу себе. Собирањето на разузнавачки информации, ќе ја докаже својата голема вредност, но ние мора да научиме да ја користиме правилно оваа исклучително важна алатка на стратешки, оперативни и тактички нивоа, а тоа започнува со обука и искористување на секој аспект на нашите органи задолжени за безбедност и разузнавање.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Димовски З., Тероризам, Скопје: Графотранс, 2007, стр. 11.
[2] Newman, R. G. & Clarke, V. R., Policijska dejavnost proti terorizmu, Ljubljana: Fakulteta za varnostne vede, 2010, str. 48.
[3] Adams J., Exploring the Frontiers of Espionage, London: Pamlico, 1995, p. XXVII and p. 211.
[4] Polmer N. & Allen B.T., Encyclopedia of Espionage, New York: Gramercy Books, 1997, p. XVIII.
[5] Цветковски Г., Професија приватен детектив (детективско право и менаџмент), Скопје: Панили, 2011, стр. 93.